**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН СУД РЕСЕН**
**Су-04 - 76/23**
**13.11.2023 година**
**Ресен**

Претседателот на Основниот суд Ресен, Емељ Кранли Али, согласно чл. 36.ст.1 од Законот за судска служба (Службен весник на РСМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22), врз основа на објавен оглас бр 1/2023 СУ-04.бр.76/23 од 20.09.2023 година на Основниот суд Ресен, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, Судски соработник, 1-еден извршител, на ден 13.11.2023 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## за избор на Судски соработник

Претседателот на Основниот суд Ресен, врз основа на Конечната ранг листа Су-04-76/23 од 06.11.2023 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување Су-04-76/23 од 06.11.2023 година, доставен од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Ресен за работно место Судски соработник, 1-еден извршител, шифра СУД 01 01 В03 001, Категорија В, ниво В3, **ГО ИЗБИРА** кандидатот

**Арјана Мехмети Шукриу.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Судски соработник во Основен суд Ресен.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Ресен објави Оглас за вработување на еден судски службеник, Судски соработник, под број 1/2023 Су-04-76/23 од 20.09.2023 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд Ресен до Претседателот на Основниот суд Ресен, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 ст. 1 од Законот за судска служба, беше доставена Конечната ранг листа Су-04-76/23 од 06.11.2023 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување Су-04-76/23 од 06.11.2023 година, за работното место Судски соработник, 1-еден извршител, шифра СУД 01 01 В03 001, Категорија В, ниво В3.

Со предлогот, Комисијата, на Претседателот на судот, согласно член 35 ст.1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Судски соработник, 1-еден извршител, шифра СУД 01 01 В03 001, Категорија В, ниво В3 и тоа кандидатот Арјана Мехмети Шукриу.

Претседателот на судот имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлогот на кандидат за вработување доставени од Комисијата за селекција за вработување на судски службеник при Основниот суд Ресен, а постапувајќи согласно чл. 36 ст.1 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место Судски соработник, во Основниот суд Ресен, 1-еден извршител, шифра СУД 01 01 В03 001, Категорија В, ниво В3, го избира кандидатот Арјана Мехмети Шукриу.**

При изборот на кандидатот Претседателот на судот ја имаше предвид Конечната листа и Предлогот од Комисијата за вработување на судски службеник, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од испитот, како и од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Ресен, на ден 13.11.2023 година.

**Претседател на судот,**
Емел Кранли Али

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Ресен, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор.
**Д-на:** На Арјана Мехмети Шукриу и на Благоја Јовановски.

**Одлуката за избор од страна на судскиот информатичар да се објави на интернет страницата и огласната табла на судот.**